Врз основа на чл.4,16 и 18 од ЗЗФ (Сл.весник на РМ бр.52/10), Собранието на Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје на својата седница одржана на ден 04.11.2016 година го донесе следниот:

ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА

# С Т А Т У Т

На Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

чл.1

Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје (во понтамошниот текст Здружението) е самостојна и доброволна организација основана со цел за стручно унапредување на истражувачкото новинарство во Скопје и РМ.

чл.2

Поради остварување на заедничките цели и интереси,Здржението може да се здружува со други здруженија од сличен или друг карактер.

чл.3

Називот на здружението е: Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје. Седиштето е во Скопје,ул.11-ти Октомври бр.2/5-4.

чл.4

Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје има својство на правно лице. Здржението во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За своите обврски Здржението одговара со целиот свој имот и средства.

чл.5

Печатот на Здржението има тркалезна форма со пречник од 30 мм, а во него е впишан текст Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје

чл.6

Работата на Здружението е јавна. Јавноста се обезбедува преку информирање на органите на Здржението и преку средствата за јавно информирање.

чл.7

Меѓусебн.те односи во Здржението се утврдуваат со овој Статут и други акти на Здржението..

## 2.ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

чл.8.

Основните цели и задачи на Здржението се:

- промовирање, поддржување и поттикнување на истражувачкото новинарство преку усовршување на новинарите во правец на истражувачкото новинарство, нивно финансиско поддржување за истражувачки стории

-запознавање на новинарите и уредниците од македонските медиуми за основната идеа на истражувачкото новин.рство, за алатките кои се користат (како Computer Assisted Reporting, Networking, F.eedom of Information Act…) и за општото значење на истражувачкото новинарство како пат до поголема транспаретност на јавните и државните институции, како еден битен предуслов за демократијата, за намалување на нивото на корупцијата и организираниот криминал.

-обука, усовршување и поттикнување на истражувачкото новинарство на локално ниво преку локалните медиуми

-создавање една силна мрежа за соработка меѓу истражувачките новинари внатре во Македонија, за потоа да се поттикнуваат и преку-граничните соработки во истражувачките стории и проекти, при што ќе се користат контактите со другите центри во регионот и пошироко

-организирање на тренинзи и усовршувања на новинари и уредници- обучување на студентите во државните, јавните и приватно-јавните универзитети, каде има факултети за новинарство но нема предмети за истражувачкото новинарство.

Своите цели и задачи Здружението ќе ги истварува преку:

1. Формирање фонд за поддршка на истражувачки стории
2. Организирање семинари за тренинзи и обуки на новинари и уредници
3. Склучување договори со одредени универзитети за внесување на истражувачкото новинарство како посебен предмет во факултетите за новинарство, каде во период од една година студентите ќе бидат тренирани од искусни истражувачки репортери од Македонија и од надвор
4. Проект за вмрежување на новинарите во Македонија во нивната истражувачка работа
5. Истражувачки проекти за конкретни и поспецифични теми, кои ќе бидат реализирани од новинарите на самиот Центар СКУП-Македонија

чл.9

Задачите на Здржението произлегуваат од неговите специјални цели за остварување на позитивни влијанија и работа на полето на истражувачкото новинарство и новинарството воопшто.

Заради остварување на тие цели Здружението се грижи за:

-усогласување на програмата и развој на истражувачкото новинарство во целина

-подобрување на материјалната положба на здружението

-преземање на иницијативи или акции за пропаганда на истражувачкото новинарство

-остварување на системот на стимулативни мерки, доделување на признанија, награди за успешната работа на новинарите

За остварување на наведените цели Здржението може да отвара ограноци на територијата на РМ и странство.

## 3.ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

чл.10

Здржението се организра врз основа на доброволно членство. Зачленувањето се врши со членска книшка со печат на Здржението.

чл.11

Органи на Здржението се:

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Застапник

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА - ТЕТОВО БР.01 СКОПЈЕ

**СОБРАНИЕ**

чл.12

Собранието е највисоко тело на Здружението и го сочинуваат сите 5 (пет) основачи и членови на здржението.

Делегатите се избираат од редот на основачите и членовите.

Основачите имаат право на еден глас.

Членовите на здружението имаат право на глас на начин што најмалку пет члена на здржението определуваат еден делегат кој ќе ги застапува нивните инереси на седниците на Собранието.

Составот и бројот на делегатите ќе се утврди тековно со работата на Здржението.

чл.13

Расправата на Собранието на Здржението,неговите тела и органи е јавна и демократска со почитување на мислата на секој делегат и учесник во истата. Одлучувањето по сите суштински прашања е со јавно гласање.

чл.14

Изборот на делегатите на Здржението се врши најмалку 30 дена пред истекот на мандатот на стариот состав на Собранието.

чл.15

Делегатот на Собранието од составот на основачите е постојан, а од составот на спонзорите и членовите се избираат за време од една година. На изборната седница на Собранието се верификуваат мандатите на делегатите.

За избор на нов делегат предлог даваат членовите на Здржението.

чл.16

Собранието работи на седници.

Изборното собрание се свикува најмалку еднаш годишно и конституирањето мора најкасно да се изврши 15 дена пред истекот на мандатот на стариот состав.

чл.17

Поради карактерот на работењето на Здржението, на предлог на претседателот и основачите, Собранието може да биде вонредно, а најмалку еднаш годишно. Свикувачот на вонредното собрание е должен на делегатите да им достави материјали со дневен ред.

чл.18

Собранието се состанува најмалку еднаш годишно кога и се усвојува годишен извештај,насоки и план за работа.

чл.19

Собранието го свикува претседателот,а покана со материјалите за дневен ред во писмена форма на делегатите им се доставува најмалку седум дена пред одржување на седницата. По барање на Управниот одбор или на 1/5 од вкупниот број на делегати на Собранието може да се свика седница на Собранието. Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог на свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите, доколку за тоа постојат оправдани услови предвидени со Закон.

чл.20

Собранието работи со апсолутно мнозинство и одлучува со апсолутно мнозинство од присутните делегати кога се работи за суштествени работи: промена на статут,исклучување на член,зачленување на нови основачи како и донесување на кти одпосебен интерес за работењето на здржението.

Собранието може да работи полноправно да одлучува со просто мнозинство од присутните делегати, ако на седницата се присутни повеќе од полвината делегати од вкупниот број на членови кога се работи за тековните обврски од работењето на Здржението.

чл.21

Основачите на здружението избираат Претседател на Здржението од редовите на основачите кој истовремено е и Претседател на Управниот одбор и избираат Управен одбор од 4 (четири) члена и претседател. Мандатот на претседателот трае 4 години.

чл.22

Собранието на Здржението:

- донесува Статут,програма и др. акти:
- усвојува годишен извештај,насоки и план за работа;
- усвојува финансиски план и усвојува завршна сметка;
- одлучува за промената на целта на здружувањето;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира органи на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението и
- врши и други работи во согласност со статутот и општите акти на здружението

чл.23

Одлучувањето на Собранието по правило е јавно.

**УПРАВЕН ОДБОР**

чл.24

Управниот одбор е колективен и извршен орган на Здржението. Членовите на управниот одбор се избираат од редот на основачите, а составот на Управниот одбор брои вкупно 5(пет) члена со Претседателот. Мандатот трае четири години.

чл.25

Претседателот ги свикува седниците и раководи со истите и предлага дневен ред. Во случај на отсутност претседателот на Управниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Управниот одбор.

Претседателот е должен да свика седница на секој 3 месеци, а по потреба повеќе пати и по барање на најмалку 4 члена од членовите на Управниот одбор.

чл.26

Управниот одбор работи,одлучува во присуство на мнозинство од присутните членови.

чл.27

Управниот одбор особено ги врши следните работи:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на статутот и одлуките донесени од Собранието;
- ја спроведува политиката,заклучоците и одлуките донесени од собранието;
- може да формита стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа и
- врши и други работи

чл.28

Претседателот на Управниот одбор е налогодавател во областа на материјално-финснискoто работење на Здржението.

Претседателот на Управниот одбор го претставува и застапува Здржението.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА - ТЕТОВО БРОЈ 1

**ЗАСТАПНИК**

чл.29

Здружението има едно или повеќе лица овластени за застапување на здружението-застапник кој го избира собранието.

Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со законот,статутот и актите на здружението.

**4.СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ**

чл.30

Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје обезбедува средства за задоволување на потребите од : -членарина; -прилози, донации, подароци,реклами со непосредни и посредно спогодување со правни лица, помош од граѓански правни лица и физички лица; -буџетот на општината

чл.31

Меѓусебните права,обврски и одговорности во однос на заедничкото користење на објектите и другите предмети, стекнувањето на добивка од заедничкото вршење на дејноста Здржението ќе ги регулира спогодбено согласно зеконот.

**5.НАЧИН И ПОСТАПКА НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРЖЕНИЕТО**

чл.32

Зачленувањето во Здружението е на доброволна основа.

Основачите се членови со еднакви права и одговорности како и другите членови.

Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите. Податоците за членовите се ажурираат најмалку еднаш на две години.

**6.ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

чл.33

Собранието ќе престане со работа кога настанале причини согласно чл.63 од законот за здруженијаи фондациите.

Здружението ќе престане со работа кога за тоа ќе одлучи Собранието со мнозинството присутни делегати и со согласност на основачите.

По престанокот на работата на Здружението, имотот и средтвата што остануваат по намирување на обврските, преминуваат во сопственост на основачите.

**7.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

чл.34

Толкување на одредбите од овој Статут даба Управниот одбор и подлегнува на потврда на Собранието на Здружението.

чл.35

Измени и дополнувања на овој Статут се врши по истата постапка како и за негово донесување.

чл.36

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Здружение-Центар за истражувачко новинарство
СКУП-МАКЕДОНИЈА Скопје
Претседател,Застапник,
Џељаљ Незири

Застапници,
Жаклина Хаџи-Зафирова

Александар Божиновски

Здружение-Центар за истражувачко новинарство СКУП-МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ